**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Програма за дополнување на Годишната програма за изработка на Урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на општина Илинден за 2010 година со арх.бр.07-327/3 од 16.02.2010 година .**

**Се прогласува Програма за дополнување на Годишната програма за изработка на Урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на општина Илинден за 2010 година со арх.бр.07-327/3 од 16.02.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 14 (четиринаесеттата ) седница одржана на 16.02.2010 година.**

**Архив. Број 08- 420/1**
**Од 17.02.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 точка 6 и 7 од Статут на Општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр.2/2005), член 17 став 1, став 3 и став 7 и член 50а став 5 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05, 137/07 и 91/2009), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на 16.02.2010 година донесе

**ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2010 ГОДИНА**

**1.** Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година со арх.бр.07-2150/5 од 25.12.2009 година , донесена од Советот на општина Илинден на седница одржана на ден 25.12.2009 година и објавена во Службен Гласник на општина Илинден бр. 16 од 26 Декември 2009 година.

**2.** Во Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година во точка 3-б по редниот број 3 се додаваат нови редни броеви 4, 5, 6 и 7 кои гласат :

| **Р.бр.** | **Локална урбанистичка планска документација** | **н.м.** | **Катастарска / Градежна парцела** | **Намена** | **Начин на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | вон населено место Кадино - место Вакуфски ливади | Кадино | КП бр.501/3 и 501/4 ( 1.237) | Г2–Лесна и незагадувачка индустрија (фарми ) | Општина Илинден |
| 2 | вон населено место Кадино - место Вакуфски ливади | Кадино | КП бр.501/2 ( 1.240 ) | Г2 –Лесна и незагадувачка индустрија ( фарми ) | Општина Илинден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | вон населено место Миладиновци-место викано Турски гробишта | Миладиновц и | КП бр.54 ( 54.963 ) | (За потребите на ЈКП Илинден ) | Општина Илинден |
| 4 | вон населено место Кадино-место викано Чурдевица | Кадино | КП бр.210 ( 38.040 ) | (За потребите на ЈКП Илинден ) | Општина Илинден |

**3.** Сите останатите одредби од Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година останувaат непроменети и истите се во примена.

**4.** Преодни и завршни одредби

Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Илинден за 2010 година влегува во сила од денот на објавување во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Број .07-327/3**
**Од 16.02.2010 година**
**Илинден**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за донесување на Предлог-Урбанистички план вон населено место Кадино, локалитет 19, плански опфат меѓу ул.532, ул.8 , ул.4 и новопланирана ул.1 ,плански период 2009-2019 година, општина Илинден со арх.бр.07-327/4 од 16.02.2010 година**

**Се прогласува Одлуката за донесување на Предлог-Урбанистички план вон населено место Кадино, локалитет 19, плански опфат меѓу ул.532, ул.8 , ул.4 и новопланирана ул.1 ,плански период 2009-2019 година, општина Илинден со арх.бр.07-327/4 од 16.02.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 14 (четиринаесеттата) седница одржана на 16.02.2010 година.**

**Архив. Број 08- 420/2**
**Од 17.02.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 24 став 6 и став 7 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и 137/2007), а во врска со член 26 став 6 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и 137/2007), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 16.02. 2010 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за донесување на Предлог- Урбанистички план вон населено место Кадино, Локалитет 19, плански опфат помеѓу ул.532, ул.8, ул.4 и новопланирана улица 1, плански период 2009-2019 година општина Илинден

### Член 1

Со оваа одлука се врши донесување на Урбанистички план вон населено место Кадино, Локалитет 19, плански опфат помеѓу ул.532, ул.8, ул.4 и новопланирана улица 1, плански период 2009-2019 година општина Илинден.

.

### Член 2

Границата на планскиот опфат на урбанистичкиот план се движи:

- на север по осовина на улица 8,
- на исток по осовина на улица 532,
- на југ по осовина на новопланирана улица 1,
- на запад по осовина на улица 4

Површината на планскиот опфат изнесува 10,24 ха.

Земјиштето на подрачјето на планскиот опфат е неизградено земјиште со тенденција да се гради заради поволностите кои ги дава локалитетот.

Со Предлог Урбанистичкиот план вон населено место Кадино Локалитет 19, плански опфат помеѓу ул.532, ул.8, ул.4 и новопланирана улица 1, плански период 2009-2019, општина Илинден се предвидуваат зони со класа на намена :

- **Б – Комерцијални и деловни намени**
- Б2 - големи трговски единици
- **Г - Производство, дистрибуција и сервиси**
- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија
- Г3 – сервиси
- Г4 – стоваришта
- **Е - Инфраструктура**
- Е2 - комунална супраструктура
- **Д - Зеленило и рекреација**
- Д1 – парковско зеленило

### Член 3

Предлог Урбанистичкиот план вон населено место Кадино Локалитет 19, плански опфат помеѓу ул.532, ул.8, ул.4 и новопланирана улица 1, плански период 2009-2019, општина Илинден, со технички број 25/09 изработен е од Друштво за планирање, проектирање и инжинеринг „ПРОСТОР“ ДОО Куманово и содржи документациона основа и планска документација со текстуален и графички дел.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавна презентација и јавна анкета со број 10-861/28 од 18.12.2009 година.

**Член 5**

Урбанистичкиот план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува и за негова реализација се грижи Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на општина Илинден.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

Бр.07-327/4
Од16.02.2010 година

Совет на општина Илинден
Претседател
Марјан Милошевски с.р

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за Усвојување на извештај за проценета штета од елементарни непогоди на територија на општина Илинден со арх.бр.07-327/5 од 16.02.2010 година**

**Се прогласува Одлуката за Усвојување на извештај за проценета штета од елементарни непогоди на територија на општина Илинден со арх.бр.07-327/5 од 16.02.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 14 (четиринаесеттата) седница одржана на 16.02.2010 година.**

**Архив. Број 08- 420/3**
**Од 17.02.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.05/02) Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 16.02.2010 година

# О Д Л У К А

**За усвојување на извештај за процена на штета од елементарни непогоди на територија на општина Илинден бр.08-1057/16 од 31.12.2009 година**

**Член 1**

Се усвојува извештајот за процена на штета од елементарни непогоди на територија на општина Илинден бр.08-1057/16 од 31.12.2009 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во службениот гласник на општина Илинден.

**Арх.бр.07-327/5**
**Од 16.02.2010 год.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за субвенционирање на Јавно комунално претпријатие „ Илинден “ н.Илинден со арх.бр.07-327/6 од 16.02.2010 година.**

**Се прогласува Одлуката за субвенционирање на Јавно комунално претпријатие „ Илинден “ н.Илинден со арх.бр.07-327/6 од 16.02.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 14 (четиринаесеттата) седница одржана на 16.02.2010 година.**

**Архив. Број 08- 420/4**
**Од 17.02.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на Р.Македонија бр.05/02 ) Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 16.02.2010 година донесе

## О Д Л У К А
**За субвенционирање на Јавното комунално претпријатие „ Илинден “ од н.Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Илинден одобрува субвенционирање на Јавното комунално претпријатие „ Илинден“ од н.Илинден во износ од 4.000.000,00 ( 4 милиони ) денари.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на општина Илинден за 2010 година, Програма АОО во ставка 464-разни трансвери, подставка 464990- други трансвери.

Средствата од став 1 на овој член ќе се префрлат на сметката на Јавното комунално претпријатие „ Илинден“ за подобрување на екононмската ефикасност на ЈКП Илинден од н.Илинде.

Согласно оваа Одлука ќе се потпише Договор меѓу Градоначалникот на општина Илинден и Јавното комунално претпријатие „ Илинден“ од н.Илинден.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Илинден.

**Арх.бр.07-327/6**
**Од 16.02.2010 г.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

## Р Е Ш Е Н И Е

**За прогласување на Одлука за субвенционирање на Јавно комунално претпријатие „ Водовод “ н.Илинден со арх.бр.07-327/7 од 16.02.2010 година.**

**Се прогласува Одлуката за субвенционирање на Јавно комунално претпријатие „ Водовод “ н.Илинден со арх.бр.07-327/7 од 16.02.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 14 (четиринаесеттата) седница одржана на 16.02.2010 година.**

**Архив. Број 08- 420/5**
**Од 17.02.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на Р.Македонија бр.05/02 ) Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 16.02.2010 година донесе

# О Д Л У К А

**За субвенционирање на Јавното комунално претпријатие „ Водовод“ од н.Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Илинден одобрува субвенционирање на Јавното комунално претпријатие „ Водовод“ од н.Илинден во износ од 2.000.000,00 ( 2 милиони ) денари.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на општина Илинден за 2010 година, Програма АОО во ставка 464-разни трансвери, подставка 464990- други трансвери.

Средствата од став 1 на овој член ќе се префрлат на сметката на Јавното комунално претпријатие „ Водовод“ за подобрување на екононмската ефикасност на ЈКП Водовод од н.Илинден.

Согласно оваа Одлука ќе се потпише Договор меѓу Градоначалникот на општина Илинден и Јавното комунално претпријатие „ Водовод“ од н.Илинден.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Илинден.

**Арх.бр.07-327/7**
**Од 16.02.2010 г.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

# *С О Д Р Ж И Н А*

1. Решение за прогласување на Програма за дополнување на Годишната програма за изработка на Урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на општина Илинден за 2010 година со арх.бр.07-327/3 од 16.02.2010 година..........................стр.1
   Програма за дополнување на Годишната програма за изработка на Урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на подрачјето на општина Илинден за 2010 година со арх.бр.07-327/3 од 16.02.2010 година..................................................................стр.1-2

2. Решение за погласување на Одлука за донесување на Предлог-Урбанистички план вон населено место Кадино, локалитет 19, плански опфат меѓу ул.532, ул.8 , ул.4 и новопланирана ул.1 ,плански период 2009-2019 година, општина Илинден со арх.бр.07-327/4 од 16.02.2010 година ……………………………………………………………………………………...стр.2
   Одлука за донесување на Предлог-Урбанистички план вон населено место Кадино, локалитет 19, плански опфат меѓу ул.532, ул.8 , ул.4 и новопланирана ул.1 ,плански период 2009-2019 година, општина Илинден со арх.бр.07-327/4 од 16.02.2010 година.................................стр.3-4

3. Решение за прогласување на Одлука за Усвојување на извештај за проценета штета од елементарни непогоди на територија на општина Илинден со арх.бр.07-327/5 од 16.02.2010 година ..........................................................................................................................стр.4
   Одлука за Усвојување на извештај за проценета штета од елементарни непогоди на територија на општина Илинден со арх.бр.07-327/5 од 16.02.2010 година............................................стр.5

4. Решение за прогласување на Одлука за субвенционирање на Јавно комунално претпријатие „ Илинден “ н.Илинден со арх.бр.07-327/6 од 16.02.2010 година..........................................стр.5
   Одлука за субвенционирање на Јавно комунално претпријатие „ Илинден “ н.Илинден со арх.бр.07-327/6 од 16.02.2010 година...........................................................................................стр.6

5. Решение за прогласување на Одлука за субвенционирање на Јавно комунално претпријатие „ Водовод “ н.Илинден со арх.бр.07-327/7 од 16.02.2010 година...........................................стр.6
   Одлука за субвенционирање на Јавно комунално претпријатие „ Водовод “ н.Илинден со арх.бр.07-327/7 од 16.02.2010 година...........................................................................................стр.7